# ДОГОВОР

## За засновање на претплатнички однос за пристап и користење на јавните комуникациски услуги

**Склучен на ден** ______________________Година

**Во** ______________________Година

**Помеѓу** **Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации - Скопје,**
со седиште на ул. Орце Николов бб, Скопје, како Оператор на јавна комуникациска мрежа, од една страна
(во понатамошниот текст: **Оператор**), и

2. Име и презиме/Име на фирма:
Адреса/Седиште: ___________________________
Л.к.бр.:__________________________________ЕМБ/ ЕДБ: ____________________ЕМБС________________
Жиро с-ка: ________________________________
Депонент на: ,______________________________
како Претплатник на јавни комуникациски услуги, од друга страна
(во понатамошниот текст: **Претплатник**).

**Член 1** **Предмет и цел на Договорот**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата, обврските и одговорностите на **Операторот** на јавна комуникациска мрежа, од една страна, и Претлатникот како краен корисник на јавните комуникациски услуги обезбедени од **Операторот**, од друга страна.

Целта на овој Договор е засновање на претплатнички однос за пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на јавните мобилни комуникациски услуги на **Операторот**, под услови утврдени со овој Договор, со Законот за електронски комуникации (Сл. Весник на РМ бр. 13/05,14/2007,55/2007,98/2008 и 83/2010), во понатамошниот текст: Законот, Правилникот за видот и содржината на податоците кои **Оператор**ите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги (Сл. Весник на РМ бр. 35/2011), во понатапошниот текст: Правилникот, и други акти и прописи донесени врз основа на нив, како и со објавените Општи Услови за засновање на претплатнички однос и користење на услугите на **Операторот.**

**Член 2** **Пристап кон мрежата и услугите на Операторот**

По склучување на Договорот **Операторот** му обезбедува на **Претплатникот** право на пристап кон неговата јавна комуникациска мрежа.

**Операторот** се обврзува на **Претплатникот** да му ја активира претплатничка линија веднаш, а најдоцна во рок од 7 работни дена од денот на склучување на Договорот.

Со активирање на претплатничката линија се остварува пристап до услугите на **Операторот** и почнуваат да течат обврските за плаќање на месечната претплата, како и другите трошоци за користење на претплатничката линија.

Користењето на услугите во јавна мобилна комуникациска мрежа е можно на територијата на Република Македонија, која е покриена со мрежата на **Операторот**, како и во други јавни мобилни комуникациски мрежи со кои **Операторот** има склучено комерцијален роаминг договор.
Воедно **Операторот** му овозможува на **Претплатникот** користење на основните услуги на јавната мобилна комуникациска мрежа кои се вклучени во цената на месечната претплата, во зависност од избраниот тарифен модел од страна на **Претплатникот** согласно официјалниот Ценовник на **Операторот**.

**Член 3** Дополнителни и останати услуги

**Операторот** овозможува користење и на дополнителни услуги од страна на **Претплатникот**. Користењето на овие услуги може да биде бесплатно или со плаќање на месечна претплата утврдена во официјалниот Ценовник на **Операторот**.
Користењето на дополнителни услуги за кои се плаќа месечна претплата се овозможува само врз основа на барање на **Претплатникот**.
**Претплатникот** може да го откаже користењето на дополнителните услуги на свое барање. По барањата за вклучување или исклучување на дополнителните услуги **Операторот** ќе постапи најдоцна 3 работни дена по поднесување на барањето.
**Претплатникот** има можност за користење на услуги со посебна цена на чинење и останати услуги обезбедени од страна на **Операторот** или од други даватели на услуги со посебна цена на чинење со кои **Операторот** има склучено договор.
Активирањето и деактивирањето на дополнителните и останатите услуги односно користењето на услугите со посебна цена на чинење **Претплатникот** ќе го врши на еден од следните начини, во зависност од видот на услугата:
- со повикување на соодветен, за таа намена утврден телефонски број,
- со испраќање на СМС или ММС порака со одредена содржина, на за таа цел утврден телефонски број,
- на друг начин достапен на **Претплатникот** (писмено барање, Веб страна, ВАП портал, Мојот Т-Мобиле, итн.)

Цените за користење на дополнителните услуги, услугите со посебна цена на чинење и останатите услуги се утврдени во официјалниот Ценовник на **Операторот** и/или се објавени заедно со телефонскиот број на кој е достапна услугата.
Надоместоците за користење на овие услуги се фактурираат во редовната месечна сметка за користење на јавните комуникациски услуги.

**Член 4** Цени и тарифи

**Операторот** може да наплати од **Претплатникот** еднократен надомест за почетно приклучување.
**Претплатникот** е должен редовно да го плаќа утврдениот месечен надомест (претплата) за користење на услугите, како и надоместот за остварениот комуникациски сообраќај и услуги што ги користи согласно Ценовникот на **Операторот**.
Надоместот за остварениот комуникациски сообраќај се пресметува врз основа на видот, должината и цената на тарифните единици утврдени во Ценовникот на **Операторот**, како и врз основа на бројот на реализирани тарифни единици.
**Операторот** има право да врши промена на цените на услугите, видот и должината на тарифните единици и останатите услови утврдени во Ценовникот со претходно известување на **Претплатникот** преку средствата за јавно информирање, веб страната на **Операторот**, или преку писмен, електронски или друг јавно достапен начин.

**Член 5** Начин на плаќање

За реализираниот комуникациски сообраќај и услуги и утврдените месечни претплати **Операторот** издава месечна сметка (фактура). Плаќањето на фактурата треба да се изврши во рокот наведен во неа.
Фактурирањето на месечната претплата за основните услуги, како и месечната претплата за дополнителните услуги се врши однапред за секој месец за тарифните модели за кои тоа е применливо, согласно Ценовникот на **Операторот**.
Во сметката (фактурата) ќе биде дополнително пресметан и данокот на додадена вредност.
Во случај на ненавремено плаќање, **Операторот** има право да пресметува казнена камата од денот кога **Претплатникот** западнал во задоцнување со плаќањето.
Доколку **Претплатникот** не ја плати сметката за користење на услугите во рокот за плаќање определен во сметката, како и по истекот на рокот наведен во предупредувањето испратено до **Претплатникот**, **Операторот** има право привремено да ја исклучи линијата за појдовни повици (освен за специјалните броеви на службите за итни

повици), се до целосно плаќање на долгот. Додека трае привремениот прекин месечната претплата продолжува да тече.

Доколку долгот поради кој било извршено исклучувањето за појдовни повици **Претплатникот** го плати најдоцна 3 дена по истекот на рокот, вклучувајќи го и денот на исклучувањето, при повторното приклучување по намирувањето на долгот, **Операторот,** нема да му го наплати надоместот за повторно приклучување на претплатничката линија која била привремено исклучена поради неплаќање, утврден во неговиот Ценовник.

Доколку **Претплатникот** не го плати долгот ниту во рок од 30 дена од денот на привременото исклучување на линијата за појдовни повици, линијата ќе биде исклучена во две насоки (освен за специјалните броеви на службите за итни повици) и **Операторот** нема да обезбедува било каква комуникациска услуга на **Претплатникот.** Од тој момент **Операторот** нема да фактурира месечна претплата и има право да го раскине Договорот.

На барање на **Операторот, Претплатникот** треба да депонира паричен износ на средства како бескаматен депозит, при склучување на претплатнички договор со **Претплатник** кој не е државјанин на Република Македонија или со **Претплатник** кој нема соодветен доказ за платежна способност или при склучување на договор со кој **Операторот** му овозможува на **Претплатникот** набавка на телефонски апарати и/или опрема по цени поповолни од редовните продажни цени.

Во случај кога при користење на претплатничката линија **Операторот** утврди дека **Претплатникот** има невообичаено и ненадејно зголемување на износот за користење на одделни услуги и тој износ е најмалку два пати поголем од просечниот износ што **Претплатникот** го платил во последните три месеци, **Операторот** има право веднаш да го прекине обезбедувањето на тие услуги или да бара плаќање на потрошениот износ веднаш со цел да продолжи со обезбедување на услугите.

**Член 6** Враќање на парични средства

**Операторот** има обврска да врати парични средства на **Претплатникот** само во следните случаи:

- доколку при засновањето на претплатничкиот однос, барателот изврши уплата на надоместокот за почетно приклучување, а потоа се откаже од намерата за засновање на претплатнички однос во периодот до активирање на претплатничката линија. Враќањето на паричните средства во овој случај се врши во целост;
- во случај на привремен прекин на претплатничката линија од сообраќај поради пречки на линијата или мрежата, **Операторот** ќе ги врати паричните средства во делот на претплатата за основните и дополнителните услуги (доколку **Претплатникот** ги има намирено своите долгови) за износ пропорционален на деновите кога линијата не била во функција, доколку прекинот трае подолго од 48 часа на целата територија на Република Македонија која е покриена со мрежата на **Операторот,** а по основано барање на **Претплатникот**. Износот ќе биде одбиен во наредната месечна сметка. Во овој случај **Операторот** нема да сноси одговорност за било каква директна или индиректна штета евентуално причинета на **Претплатникот**, поврзана со изгубена добивка, пропуштени можности во тргувањето, изгубен углед и сл.;
- во други случаи на основан приговор од страна на **Претплатникот** при утврдена грешка во фактурирањето што доведува до зголемување на износот за користени комуникациски услуги, во висина на погрешното задолжување со засметана казнена камата, доколку **Претплатникот** ги има намирено сите претходни доспеани долгови кон **Операторот**;
- во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга, кое не е по вина на **Претплатникот**, или во случај кога **Претплатникот** го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, **Операторот** ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата и месечен надомест за користење на дополнителни услуги како и на непотрошениот износ на кредитот од вредносната картичка (ваучер) во при-пејд системот, доколоку **Претплатникот** го побара тоа, по претходно подмирување на вкупниот долг на **Претплатникот.**

**Член 7** Жалби и приговори од Претплатникот

**Претплатникот** има право на приговор против одлуките или активностите на **Операторот** во врска со пристапот и користењето на услугите, како и поради прекршување на одредбите од овој Договор.

Приговорите се доставуваат до Секторот за кориснички услуги на **Операторот**.

Приговорот од став 1 на овој член може да се поднесе во рок од 15 дена од денот на приемот на актот, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

**Операторот** има обврска да одлучи по приговорот во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот и за тоа да го извести **Претплатникот.**

Доколку **Претплатникот** не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: Агенцијата).

Доколку **Операторот** не постапи по приговорот во рокот утврден во ставот 4 од овој член, **Претплатникот** има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот.
Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесување на конечната одлука, **Претплатникот** е должен да го плати износот на месечната претплата во рокот определен во сметката.
**Претплатникот** може да ги оствари своите права и преку јавување на бесплатниот број 190 на Контакт центарот на Агенцијата за електронски комуникации.

## Член 8 Обврски на Операторот

1. **Операторот** треба да обезбеди квалитетни јавни комуникациски услуги, во согласност со Законот, Правилникот, и други валидни прописи, договори и акти.
2. **Операторот** обезбедува стручни служби и техничка опрема со цел да се обезбедат постојани, достапни и квалитетни услуги, како и да се изврши навремена детекција на испадите во мрежата и нивно отстранување. Притоа, **Операторот** ќе вложува максимални напори со цел ефикасно и во краток рок да ги отстрани сите пречки и испади во мрежата.
3. Доколку дојде до менување на условите за користење на услугите дефинирани во овој Договор, **Операторот** претходно писмено, преку средствата за јавно информирање, СМС или на друг соодветен начин ќе го извести **Претплатникот**, во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените.
4. Во случај на повреда на одредбите од овој Договор, **Операторот** писмено ќе го извести **Претплатникот** дека е должен да ги исполни договорните обврски, во рок наведен во писменото известување. Ваквата обврска не важи во случаи кога **Претплатникот** предизвикува моментална и сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или кога предизвикува голема материјална или оперативна штета на **Операторот**.
5. **Операторот** ќе обезбеди благовремена информација за цените на роаминг услугите објавувајќи ја последната официјално доставена цена од релевантниот давател на роаминг услуги, која му е позната на **Операторот** во моментот на барање на информацијата од страна на **Претплатникот.**
6. **Операторот** ќе обезбеди неповредливост, сигурност и заштита на тајноста на податоците за сообраќај и комуникациите што се пренесуваат, во согласност со одредбите од Законот и други валидни прописи и акти.
7. **Операторот** ќе обезбеди доверливост, тајност и неповредливост на податоците за **Претплатникот** заради заштита од повреда на личниот интегритет, како и нивно чување, објавување и користење, согласно со одредбите на Законот и други валидни прописи и акти.
8. **Операторот** ќе ги испраќа сметките (фактурите) за користење на претплатничката линија на **Претплатникот** најдоцна 15 дена по истекот на месецот.
9. **Операторот** ќе спроведе постапка по приговор на **Претплатникот**, согласно одредбите на член 7 од овој Договор.
10. **Операторот** ќе изврши исклучување на СИМ картичката веднаш по приемот на известувањето за изгубена СИМ картичка.
11. **Операторот** ќе обезбеди Контакт Центар во рамките на Секторот за кориснички услуги со 24 часовно работно време, каде претплатниците ќе може да се обратат за информации за услугите на **Операторот**.
12. **Операторот** овозможува идентификација и спречување на идентификација на повикувачки и повикан број на начин утврден со Закон или друг валиден пропис, како и бесплатен пристап до службите за итни повици.
13. **Операторот** е обврзан да води евиденција за податоците на своите претплатници во согласност со Закон или друг валиден пропис. **Претплатникот** има право да избере дали и во кој обем овие податоци ќе бидат јавно достапни во јавниот телефонски именик како и право да побара нивна измена, дополнување или бришење .
14. **Операторот** не ја сноси одговорноста за повредата на доверливоста на податоците и за последиците од тоа доколку повредата настанала без вина на **Операторот. Претплатникот** е согласен дека во случаите на користење на услугите на **Оператор** во друга држава (роаминг), заштитата на доверливоста на неговите лични податоци подлежи на законската регулатива во соодветната држава.
15. **Операторот** има обврска да ги доставува податоците со кои располага за **Претплатникот** и остварениот сообраќај преку неговата претплатничка линија на надлежен државен орган, врз основа на доставено барање во постапка предвидена со закон.

## Член 9 Права на Операторот

**Операторот** има право да наплатува надомест за почетно приклучување, месечен надомест (претплата), надомест за остварениот обем на комуникациски сообраќај и дополнителните услуги што ги користи, како и сите други надоместоци согласно цените утврдени во неговиот Ценовник.
**Операторот** има право од своите претплатници да ги побара податоците одредени со Законот.

**Операторот** има право да ги обработува личните податоци и податоците за сообраќај на **Претплатникот** со цел да му овозможи персонализирани понуди за своите производи и услуги, базирани на начинот и обемот на користење на услугите на **Операторот** врз основа на претходно добиена согласност за обработка на податоците од **Претплатникот.** Врз основа на вака обезбедената согласност, **Операторот** има право да го контактира **Претплатникот** со сите достапни средства за комуникација, со праќање на писмени известувања, факс, електронска пошта, СМС, ММС или по пат на директен телефонски контакт, овозможувајќи му во секое време, бесплатно и со користење на едноставни средства да ја повлече или ограничи согласноста за обработка на податоците.

**Операторот** има право од технички причини да го промени повикувачкиот број на **Претплатникот** и најдоцна 15 дена пред промената да го извести **Претплатникот** за промената и за новиот повикувачки број.

За услуги чија реализација бара привремено зачувување на комуникациите (како што е СМС, ММС, електронска пошта и друго), **Операторот** има право да ги зачува комуникациите во своите системи, се до остварување, односно реализација на конкретната услуга.

**Операторот** има право да ги чува, обработува и разменува податоците на **Претплатникот**, заради исполнување на целите на овој Договор,во согласност со Законот и останатите валидни прописи и акти.

**Операторот** има право да го ограничи или прекине пристапот до дел или сите јавни комуникациски услуги на **Претплатникот**, без негова согласност, во услови на неизвршување на обврските или неисполнување на условите утврдени во овој Договор, како и при злоупотреба на јавните комуникациски услуги констатирани од страна на надлежен државен орган.

Ваквото право на **Операторот** особено се однесува при исполнување на еден од следните случаи:

1. Доколку **Претплатникот** не ја плати сметката во рокот определен за плаќање, до целосно плаќање на истата. **Операторот** може да изврши исклучување и на други претплатнички линии вклучени во ист претплатнички договор поради ненавремено плаќање на сметките;
2. Доколку **Претплатникот** не ја плати месечната претплата определена од страна на **Операторот** во случај на поднесен приговор за износот на сметката;
3. Доколку утврди или доколку постои сомнеж дека **Претплатникот** на незаконски начин се стекнал со претплатничката линија;
4. Доколку **Претплатникот** ја користи претплатничката линија и соодветните комуникациски услуги за давање на комуникациски услуги на други корисници со одреден надомест или на корисниците на **Операторот** со или без одреден надомест, без постоење на соодветен договор со **Операторот**;
5. Доколку тоа е потребно заради реконструкција, модернизација, одржување или во случај на технички пречки или недостатоци на мрежата;
6. Ако се утврдат технички пречки или недостатоци на претплатничката терминална опрема или инсталации, до отстранувањето на овие пречки, односно недостатоци;
7. Ако **Претплатникот** не дозволи преглед на исправноста на неговата терминална опрема и инсталации, до извршување на прегледот;
8. Ако **Претплатникот** приклучи неодобрена терминална опрема, до замена на истата со одобрена терминална опрема;
9. Доколку комуникациската услуга се користи, или е наменета да се користи за цел спротивна на Законот, прописите донесни врз основа на него или друг закон или пропис, констатирана од страна на надлежен орган;

Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од претплатничкиот договор.

За време на привременото исклучување во случаите наведени во овој член, **Претплатникот** е и понатаму одговорен за плаќање на месечната претплата.

**Операторот** има право при повторно вклучување на исклучена претплатничка линија да го задолжи **Претплатникот** да плати и надомест за повторно приклучување на претплатничката линија во согласност со Ценовникот.

## Член 10 Права на Претплатникот

**Претплатникот** има право да добива непречена, ефикасна и редовна јавна комуникациска услуга.

**Претплатникот** има право да ги користи сите комуникациски услуги што ги обезбедува **Операторот** согласно избраниот тарифен модел.

**Претплатникот** може најмногу еднаш месечно да бара промена на тарифниот модел, за што плаќа надомест утврден во Ценовникот на **Операторот.**

**Претплатникот** има право да бара привремен прекин на претплатничката линија (мирување) за што плаќа надомест утврден во Ценовникот на **Операторот.**

**Претплатникот** има право да одлучи неговите лични податоци да не бидат објавувани во јавност и достапни до јавноста преку службата за евиденција на телефонските претплатници и единствениот телефонски именик.
**Претплатникот** има право во согласност со **Операторот,** да го пренесе правото на користење на претплатничката линија на друго лице, кое ги исполнува потребните услови за засновање на претплатнички однос, со претходно целосно подмирување на сите обврски за реализираните комуникациски услуги кон **Операторот**.
**Претплатникот** има право на достапност до Секторот за кориснички услуги, лично или на за таа намена утврден телефонски број за било каков проблем кој се однесува на користењето на услугите на **Операторот.**
**Претплатникот** има право да бара и да добие информација која се однесува на услугите што ги овозможува **Операторот**, како и за цените и тарифите за користење на истите.
**Претплатникот** има право да поднесе приговор против одлуките или активностите на **Операторот** во врска со пристапот до или обезбедувањето на услугите.

## Член 11 Обврски на Претплатникот

**Претплатникот** е должен навремено да ги плаќа фактурираните износи за користени јавни комуникациски услуги во роковите предвидени за тоа. Непримањето или непоседувањето на сметката не го ослободува **Претплатникот** од обврската да го плати долгот на време. Во случај на недобивање на месечната сметка (фактура), **Претплатникот** треба да се обрати до специјализираните служби за односи со корисници или во продажен салон на **Операторот** и да побара изготвување на истата.
**Претплатникот** е должен да ги користи комуникациските услуги за сопствени потреби исключиво како краен корисник и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници, да не ја користи претплатничката линија за вознемирувачки или за лажни повици и да не ја користи за цели спротивни на Законот или на друг закон и пропис, како и на условите содржани во овој Договор.
**Претплатникот** не смее да ги користи комуникациските услуги за давање јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во Законот или други закони или прописи и без посебен писмен договор со **Операторот.**
Во рок од 30 дена **Претплатникот** треба писмено да го извести **Операторот** за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој Договор, а кои се неопходни за непречено доставување на известувањата и сметките.
**Претплатникот** не смее купената СИМ картичка (претплатничка линија) да ја препродава. Тој е должен да не ги открива неговите лични кодирани податоци на трети лица (ПИН, ПУК и слични кодови).
Во случај на губење или кражба на СИМ картичката, **Претплатникот** е должен за тоа веднаш да го извести **Операторот. Претплатникот** е одговорен за плаќање на месечната претплата и по исклучувањето на претплатничката линија. Ваквата обврска престанува за **Претплатникот** по истекот на 30 дена од денот кога изгубената или украдената СИМ картичка била исклучена од надлежните служби на **Операторот**, под услов, **Претплатникот** во тој временски период да не побара замена на таквата СИМ картичка. Доколку **Претплатникот** не побара замена на изгубената или украдена СИМ картичка, по истекот на наведениот рок од 30 дена **Операторот** има право да го раскине овој Договор.
**Претплатникот** е должен да ги плати трошоците настанати со употреба на изгубената или украдената картичка до моментот на писменото пријавување на кражбата или губењето на СИМ картичката.
**Претплатникот** ги надоместува трошоците за замена на СИМ картичката и за нејзиното повторно поврзување во мрежата во согласност со Ценовникот на **Операторот.**
**Претплатникот** треба да ја врати СИМ картичката секогаш кога тоа **Операторот** ќе го побара од него, а особено во случаи кога тоа се бара поради безбедносни причини, вонредна состојба или кога тоа е од јавен интерес, како и од причини поврзани со работењето на мрежата. **Претплатникот** има обврска да користи само апарати и опрема кои се во согласност со прописот со кои се уредува радио и телекомуникациската терминална опрема. **Претплатникот** треба на барање на **Операторот**, да дозволи преглед на мобилниот апарат и опремата која ја користи.
**Претплатникот** треба да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на **Операторот.**
**Претплатникот** има обврска на барање на **Операторот** да ги достави податоците дефинирани во Законот за електронските комуникации, заради евиденција на претплатниците на **Операторот** при што **Претплатникот** е одговорен за точноста на доставените податоци и веродостојност на приложените документи.

## Член 12 Виша сила

Услугите кои ги дава **Операторот** можат да бидат прекинати поради дејство на Виша сила.
Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на **Операторот**, чие настапување не можело да се предвиди ниту да се спречи и поради кој исполнувањето на обврските од Договорот станало отежнато или

невозможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани / штрајк, немири, војни /, акти на јавната власт и слично.
**Операторот** не сноси никаква одговорност кон **Претплатникот** поради прекин на неговите услуги предизвикан од настан на Виша сила.

## Член 13 Промени на Договорот

**Операторот** има право да ги менува условите на овој Договор, со претходно известување на **Претплатникот** во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Известувањето може да биде испратено по писмен пат, СМС, преку оглас даден во јавни електронски или пишани медиуми, како и на друг јавно достапен начин.
Се смета дека **Претплатникот** се согласил со промената на Договорот, доколку во рок од 30 дена од денот на известувањето, писмено не го извести **Операторот** дека го раскинува Договорот.
Непримањето на ваквото известување од причини за кои е одговорен **Претплатникот**, не го ослободуваат **Претплатникот** од обврските кои ќе настанат како резултат на измените во условите на овој Договор.

## Член 14 Раскинување на Договорот

**Претплатникот** може да го раскине Договорот лично или преку лице овластено со нотарски заверено полномошно по основ на поднесено барање за раскинување на Договорот или со потпишување на точно пропишани обрасци за таа цел. **Операторот** ќе постапи по барањето за раскинување на Договорот, веднаш, а најдоцна во рок од 5 дена од поднесување на образецот, при што **Претплатникот** е должен да ги намири сите доспеани обврски за плаќање кои ги има кон **Операторот**. **Претплатникот** може да го раскине Договорот под истите услови и по основ на поднесено барање за пренесување на бројот во мрежата на друг **Оператор**.
**Претплатникот** и по раскинување на Договорот ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на **Претплатникот**, како и за исполнување на останатите договорни обврски, пристигнати пред извршените измени во условите на овој Договор.
**Операторот** може да го раскине Договорот поради следните причини:
- Поради ненавремено исполнување на обврските за плаќање од страна на **Претплатникот**, во согласност со член 5 од овој Договор;
- Доколку **Претплатникот** ја користи претплатничката линија и соодветните комуникациски услуги за давање на комуникациски услуги на трети корисници со одреден надомест, без претходно склучен соодветен договор со **Операторот**, констатирано од надлежен орган;
- Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивно на условите од овој Договор;
- Поради неисполнување на било која друга обврска на **Претплатникот** по овој Договор;
- Во случај на смрт на **Претплатникот**, доколку линијата не е пренесена на друго лице во рок од 6 месеци;
- Доколку со судска одлука **Претплатникот** се брише од соодветниот регистар;
- Во случај на стечај или ликвидација, или неликвидност на **Претплатникот**, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од 1 месец од испраќањето на писмено предупредување од страна на **Операторот**;
- Во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на **Претплатникот** за цел спротивна на Законот и други закони и прописи, констатирани од страна на надлежен орган;
- Доколку **Операторот** не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на Виша сила подолго од 6 месеци.

## Член 15 Завршни одредби

Овој Договор се смета за склучен од денот на потпишувањето од двете договорни страни.
Овој Договор влегува во сила со денот на активирањето на претплатничката линија.
Овој Договор се склучува на неопределено време.
Со потпишување на овој Договор **Претплатникот** потврдува дека е запознаен со Општите Услови и Ценовникот на **Операторот,** кои ќе се применуваат за сите околности кои не се предвидени во овој Договор.
Како составен дел на овој Договор се сметаат и обрасците и анексите кон Договорот кои ги пополнува односно потпишува **Претплатникот** заради активирање и деактивирање на комуникациските услуги и заради утврдување и менување на тарифниот модел, како и електронските записи од евиденцијата на **Операторот** за извршено активирање и деактивирање на комуникациските услуги и менување на тарифен модел по електронски пат.

**Член 16** **Решавање на спорови**

Сите спорови настанати во врска со спроведувањето на овој Договор ќе се решаваат спогодбено и на пријателски начин.
Доколку настанатиот спор не може да се разреши на начин предвиден во ставот 1 од овој член, за истиот ќе решава Основниот суд Скопје 2 Скопје.

**Член 17** **Примероци на Договорот**

Овој Договор е склучен во 2 (два) еднакви примероци, по еден за секоја договорна страна.

ПРЕТПЛАТНИК ОПЕРАТОР